# ДОГОВОР

## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГАТА СМС БАНКАРСТВО

ВЕ МОЛИМЕ ПОПОЛНУВАЈТЕ ЧИТКО СО ПЕЧАТНИ БУКВИ!

Склучен на ден ______ во ______ помеѓу:

1. ЕУРОСТАНДАРД Банка АД Скопје со седиште во Скопје, на ул.Никола Кљусев бр.2, со матичен број 5538041, застапувана од ______ (како Обезбедувач на услуга)

2. ______ од ______ со живеалиште на ______ и ЕМБГ ______ (како Корисник на услуга)

Обезбедувачот и корисникот на услуга заедно, во овој договор се нарекуваат Страни.

**Член 1**

Предмет на овој Договор е регулирање на односите помеѓу страните на договорот при користење на услугата СМС банкарство.

**Член 2**

Корисникот на услугата СМС банкарство е физичко лице кое има трансакциска сметка во Банката (една или повеќе), и/или е корисник на дебитна и/или кредитна картичка и поседува мобилен телефон во мрежата на овластени мобилни оператори на територијата на Република Македонија.
Корисникот на услугата изјавува дека ги добил, ги прочитал и ги прифаќа Општите услови за користење на услугата СМС банкарство на Еуростандард банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот на услугата бара да ја користи услугата СМС банкарство, а Банката одобрува користење и тоа:

1. За трансакциската сметка број ______ да се испраќаат на телефонскиот број ______ и тоа:

- корисникот на услугата ќе добива известување за сите настанати промени со платежна картичка на Еуростандард Банка АД Скопје
- корисникот на услугата ќе добива известување за сите настанати промени на трансакциската сметка за износ над 1,000 денари без употреба на платежна картичка.

2. За трансакциската сметка број ______ известувања да се испраќаат на телефонскиот број ______ и тоа:

- корисникот на услугата ќе добива известување за сите настанати промени со платежна картичка на Еуростандард Банка АД Скопје
- корисникот на услугата ќе добива известување за сите настанати промени на трансакциската сметка за износ над 1,000 денари без употреба на платежна картичка.

Банката ќе му овозможи на Корисникот на услугата, користење на сите услуги кои се нудат со услугата СМС банкарство.
Корисникот се согласува да ги добива сите СМС известувања што се вклучени во услугата СМС банкарство.
Корисникот е согласен опомените за неплатен долг да ги добива преку услугата СМС банкарство.

**Член 4**

Банката е согласна на Корисникот на услугата СМС банкарство, известувањата да ги доставува моментално, односно веднаш по настанување на промената.
Корисникот на услугата се обврзува во случај на промена на податоците, односно промена на бројот на мобилниот телефон, губење или кражба на мобилниот телефон веднаш да ја извести Банката заради заштита и доверливост на податоците кои ги праќа Банката.

**Член 5**

Корисникот на услугата е согласен Банката да наплатува надомест за користење на услугата СМС банкарство во согласност со Правилникот за надоместоци за услугите на Еуростандард Банка АД Скопје.
Корисникот на услугата ја овластува Банката да врши зафаќање од неговите трансакциски сметки наведени во член 3 од овој договор заради наплата на надомест за користење на услугата.
Банката го задржува правото да ја откаже услугата СМС банкарство во случај на неможност за наплата на надоместокот за користење на услугата.

**Член 6**

Двете страни може да ја откажат услугата СМС банкарство и тоа Корисникот на услугата со доставување на барање за престанок на услугата, а Банката доколку е оневозможена да изврши известување на телефонските броеви наведени во овој Договор.

**Член 7**

Со потпишување на овој Договор, Корисникот на услугата изрично изјавува дека е согласен Банката да ги користи неговите лични податоци со цел администрирање и евидентирање на овој Договор и исполнување на неговата цел.
Корисникот на услугата се обврзува да ја извести Банката за секоја промена на личните податоци доставени со овој Договор.
Банката се обврзува да ги чува и користи податоците на корисникот само и исклучиво за потребите за кои што и се доставени не користејќи ги поинаку од законски пропишаниот начин, како и да обезбеди увид во личните податоци на комитентот и нивното обработување на негово барање.

**Член 8**

Овој договор се склучува врз основа на Договорот за отворање и водење на трансакциска сметка со клиентот и за се што не е регулирано со овој договор важат Општите услови за користење на услугата СМС банкарство на Еуростандард банка АД Скопје како и позитивните законски прописи на РМ.

**Член 9**

Овој Договор е склучен во два индентични примероци, по еден примерок за секоја од договорните страни.

Еуростандард Банка АД Скопје ______

Корисник на услугата (име и презиме, потпис) ______

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГАТА СМС БАНКАРСТВО

## 1. Општи одредби

1.1. Со Општите услови за користење на услугата СМС банкарство (во понатамошниот текст: Општи услови) се регулираат сите видови на услуги, начин и услови на користење на услугата СМС банкарство на Еуростандард банка АД (во понатамошниот текст: Банка) и се дефинираат правата и обврските за користење на услугата СМС банкарство.

## 2. Корисници на услугата СМС банкарство

2.2. Корисник на услугата СМС банкарство може да стане секој клиент физичко лице или овластено лице кај правното лице кое:

- има отворено трансакциска сметка, и/или е корисник на дебитна и/или кредитна картичка,
- има доставено Договор за користење на услугата СМС банкарство и ги прифаќа Општите услови за користење на услугата СМС банкарство,
- поседува мобилен телефон во мрежата на овластените мобилни оператори на територијата на Република Македонија.

## 3. Договарање на услугата

3.1. Корисник на услугата СМС банкарство може да стане секој клиент на Банката кој ќе пополни и потпише Договор за користење на услугата СМС банкарство.

3.2. Со потпишување на Договорот, прифаќање на Општите услови, како и одобрувањето од страна на Банката, се заснова договорен однос помеѓу Банката и Корисникот на услугата.

3.3. Корисникот на услугата со својот потпис на Договорот потврдува дека е запознаен со Општите услови и без приговор ја прифаќа нивната примена на овој договорен однос.

3.4. Банката го задржува дискрециoното право да го одбие барањето за користење на услугата СМС банкарство.

## 4. Карактеристики на услугата СМС банкарство

4.1. Услугата СМС банкарство е информациска услуга на Банката, која на Корисникот му овозможува преку СМС известување испратено на неговиот мобилен телефон, кој го пријавил во Банката, добивање на информации за состојбата и промените на трансакциските сметки.

4.2. Банката ќе му овозможи на Корисникот на услугата, користење на сите услуги кои се нудат со услугата СМС банкарство.

4.3. Корисникот се согласува да ги добива сите СМС известувања што се вклучени во услугата СМС банкарство.

## 5. Надоместок за услугата СМС банкарство

5.1. Корисникот е согласен Банката да му наплатува надоместок за користење на услугата СМС банкарство во согласност со Правилникот за надоместоци на Еуростандард банка АД Скопје.

Надоместокот ќе се наплатува на почетокот на секој месец со задолжување на трансакциската сметка на корисникот на услугата, за испратени СМС пораки во текот на претходниот месец.

Доколку корисникот на услугата нема доволно средства на својата трансакциска сметка, согласен е Банката, без претходна најава, за наплата на своите побарувања по основ на надоместок за користење на услугата СМС банкарство, да ги употреби постоечките средства на корисникот во Банката по сите основи или тековните и идни денарски и девизни приливи на неговите сметки во Банката.

## 6. Промена на податоците

Корисникот на СМС услугата е должен писмено да ја извести Банката за:

- промена на бројот на мобилниот телефон
- губење или кражба на мобилниот телефон (веднаш по губењето или кражбата)
- барање за престанок на услугата СМС банкарство
- повторно активирање на бројот за доставување на информации.

Доколку Корисникот не постапи во согласност со став 1 од оваа точка, Банката не одговара за штетата настаната заради испраќање на СМС известувањата.

## 7. Заштита на личните податоци и доверливост на информациите

7.1. Сите податоци кои Корисникот на услугата ќе ги достави на Банката се деловна тајна на Банката и ќе бидат користени исклучиво за сопствени цели. Времето на праќање на пораката е времето кога пораката го напуштила информативниот систем на Банката. Банката гарантира за доверливоста и интегритетот на податоците до моментот на нивното излегување од информативниот систем на Банката. Банката не сноси одговорност доколку поради технички проблем или привремен прекин во работата на мобилниот оператор или авторизацискиот систем на Банката се случи ненавремено доставување или недоставување воопшто, доколку во Договорот за користење на услугата СМС банкарство, Корисникот навел неточен или туѓ телефонски број на кој треба да се доставуваат СМС известувањата.

7.2. Банката се обврзува да ги заштити личните податоци за Корисникот на услугата, согласно законските прописи и интерните акти на Банката.

## 8. Откажување на услугата СМС банкарство

Корисникот има можност да ја откаже употребата на услугата СМС банкарство преку доставување на писмено Барање.

## 9. Завршни одредби

9.1. Со доставување на пополнет и потпишан Договор за користење на услугата СМС банкарство на Еуростандард банка АД Скопје и прифаќање од страна на Банката, се смета дека е склучен договор за користење на услугата СМС банкарство, помеѓу Банката и Корисникот.

9.2. Банката може во согласност со својата деловна политика да ги промени условите за користење на услугата СМС банкарство, при што е должна да го запознае Корисникот со измените.

9.3. Корисникот е согласен да биде известен за промената на условите преку изводите на платежните картички, или на други начини кои Банката ќе ги определи за известување. Доколку Корисникот не се согласува со промената, може да побара прекинување на користењето на услугата СМС банкарство во рок од 15 дена од денот на објавата на измените во условите. Во тој случај Корисникот е должен на Банката да и достави писмено Барање за откажување на услугата СМС банкарство. Во спротивно ќе се смета дека Корисникот е согласен со измените.

9.4. Сите можни спорови, Банката ќе настојува да ги реши со Корисникот во духот на добрите деловни односи, а доколку тоа не е можно надлежен ќе биде судот во Скопје.

Еуростандард Банка АД Скопје

Корисник на услугата (име и презиме, потпис)